**Centari basi Demokratikano Zuraribe thai Iniciativa**
**Centar za Demokratski Razvoj i Inicijativa**
**Center for Democratic Development & Initiative**

CDRIM

МТСП
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИ НА

# „РОМСКИОТ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ( РИЦ ) – СКОПЈЕ„

# ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ - 2009 ГОД.

Ul. Vinicka Br. 10 Suto Orizari
1000 Skopje, Macedonia
Tel: +389 2 2656291, 2656712
Fax +389 2 2656680
E-mail: cdrim@mail.net.mk

**ЦЕЛ**

Ромскиот Информативен центар (РИЦ) – Скопје, со своите активности и акциони планови предвидени со Декадата на Ромите, продолжи со помагањето на ромската заедница во информирањето и пристапот до надлежните интитуции.
Со тоа РИЦ – Скопје, допринесе позитивно разрешување на одредени проблеми и потреби кај ромската заедница, се со единствена цел,целосна интеграција на ромската заедница со сите права и обврски во општествениот систем на Република Македонија.

**Јануари -2009**

Во текот на месец Јануари, Ромскиот Информативен Центар, свика средба со своите соработници од работната група, се со цел поорганизиран приод кон проблемите и нивно разрешување.
На оваа средба направен е осврт на досегашното работење на РИЦ-от, како и соработката со работната група. На истата, поставени се и некои стандарди во однос на начинот на пренесување на информацијата како и запазување на рокот на преносот на информацијата.
Со преставникот од агенцијата за вработувањее договорено за понатамошни активности во поглед на изнаоѓање работодавци во кои би се вработиле млади Роми. Исто така се разговараше за идни програми во однос на квалификација и преквалификација, нивна посета и обука.
Соработката со Центарот за социјални грижи во Шуто Оризари,се зајакна со доаѓањето на новиот координатор. Со центарот разговарано е за понатамошната соработка, како и за посета на социјално загрозените клиенти,од врата на врата,нивно советување во поглед на регулирање на потребната документација.

- Персоналот на Ромскиот Информативен Центар, присуствуваше на работилницата, организирана од локалната самоуправа и НВО- Проактива , која работи во делот на екологијата, односно заштеда на повратната енергија и еколошки циста средина.

Ромскиот Информативен центар-Скопје, во зависност од потребите на граѓаните – Роми, ги дава услугите, советува и упатува до соодветните служби за нивно разрешување.

- Случаевите од социјален карактер се топ тема во секое време од годината во ромската заедница.
Следуваат неколку примери од тој тип:
- Лице примател на социјална помош, добива решение дека правото на социјална помош му се укинува од причина што не наводно не ја пријавил вистинската фактичка состојба на семејството.
  Странката се обрати до нас, а ние до центарот за социјални работи, овој превид кој беше направен од страна на вработените во центарот, со помош на координаторката на центарот,беше исправен и му е дозволено на странката и понатаму непречено да прима социјална помош ,која му е единствен извор на егзистенција.
- Следен случај, каде што жена Ромка се породила во болница, со друга здравствена книшка, односно со здравствената книшка на нејзината снаа. Поради страв од понатамошни проблеми , како и немање на финансиски средства да го подмири долгот кон болницата, снаата како и братот на жената родилка, го признаваат бебето, и го пријавуваат под нивно презиме. Тоа траеше до пред извесен период, каде братот на родилката требаше да замине за во странство, бебето, а сега пет

Ul. Vinicka Br. 10 Suto Orizari Tel: +389 2 2656291, 2656712 E-mail: cdrim@mail.net.mk
1000 Skopje, Macedonia Fax +389 2 2656680

годишно дете, не му е решено старателството на биолошките родители. Странките дојдоа во нашиот центар, да се информираат што понатака и како да се стекне старателството на биолошките родители.

Персоналот на Ромскиот Информативен Центар, со помош на правниот тим од партнерската организација ЕСЕ, овој проблем го следи и им излегува во пресрет како од финансиски ,така и од правен аспект.

- Случај и последици од рано стапување во брак. Имено, малолетна жителка на Битола, мажена во Скопје и е пред пораѓање.Таа нема здравствена книшка , нее пријавена во Скопје , а згора на тоа,мажот не сака да ја венча. Персоналот на РИЦ, на неколку пати направи средба со нив и ги советуваше за правните норми од венчан и невенчан брак.

**Февруари – 2009**

Ромскиот Информативен центар – Скопје, како и вообичаенопродолжи да ги оправдува зацртаните цели и програмски активности на проектот.Центарот како и обично, го посетија граѓани –Роми со специфични проблеми ,типични за ромската заедница од различни области опфатени со Ромската Декада. РИЦ-Скопје заедно со своите соработници, активно учествуваше во решавањето на нивните проблеми, со тоа што ги упатуваше, советуваше, закажуваше средби во одредени слижби, за полесен пристап иразрешување на нивните барања и потреби.

Активности кои биле превземени за време на периодот:

- Информативни-консултативни средби
- Дадена логистчка подршка
- Средба со преставници од Ортопедски завод ,, Славеј,,

- РИЦ-Скопје, во поголемио дел од месец Февруари, се осврна на ширењето на информацијата којаи по неколку денови се емитуваше по ромските локални ТВ медиуми, а која се однесуваше на обележување на дворниот имот. Преплашени поради состојбата на нивната градба,кои во поголем дел се бесправно градени, доаѓаа во нашиот центар и се информираа за целта и за последицитеод извршувањето на премер од страна на претставниците на Катастар. За таа цел, РИЦ-Скопје организирал средба со граѓаните, на која им биле поопширно објаснето за намерата и целта на сето тоа.

Во доменот на областа- домување, одржана е средба со Привремено Хуманитарните згрижени лица-Роми, на кои им помагаме во соработка со КПА(Kosovo Property Agency), околу враѓање на нивната сопственост во Косово,како и насилно вселени лица во нивните домовии имоти, спречување на бесправни градби или доградби на имотите и тн.

- РИЦ-Скопје, овој период направи средба со преставници од Ортопедскиот завод,,Славеј,, каде сто бесе разговарано за можна изработка на протези и други помагала на Роми, кои не се во можност финансиски тоа да го поднесат.Имено, станува збор за малолетно дете од Прилеп каде што му е ампутирана раката, а може да му се помогне, со тоа штозаводот е спремен без никаква надомест да му се направи протеза на раката, се со цел детето без никаков хендикеп да се адаптира во својата срединаи своите другарчиња. За таа цел, воспоставивме врска со РИЦ-Прилеп,каде што детето живее, за понатака тие да го превземаат случајот и да му помогнат на детето а со помош на заводот, да добие протеза.Во врска со ова, беше закажана и средба со родителите на детето. Заводот во својата намера

Ul. Vinicka Br. 10 Suto Orizari Tel: +389 2 2656291, 2656712 E-mail: cdrim@mail.net.mk
1000 Skopje, Macedonia Fax +389 2 2656680

беше цврсто решен ,се чекаше погоден момент кога колегите од РИЦ-Прилеп ќе стапат во контакт со родителите на детето.

**Март-2009**

Своите активности, РИЦ-Скопје ги концентрира во подобрување на нивото на информирање , подигањето на свеста за правните норми и обврски, како и остварување на своите права од областите на Ромската Декада.
Ромскиот Информативен Центар-Скопје, во март месец работеше со поголем интензитет, поминувајки го поголемиот дел од времето на терен, во информирање, организирање на средби и состаноцисо локалните институции.

- Покрај овие средби, персоналот на РИЦ-Скопје, учествуваше на средба со неформалната мрежа од областа на Здравството, која е една од приоритетните области опфатени со Ромската Декада. Имено ,,Намалување на штети,, организирана од ХОПС, а претставува дел од проектот,,Проект здравје за ромите,,. На средбата присуствуваа поголем број на Невладини организации, кои се заинтересирани за вклучување и подигање на свеста кај ромската заедница во поглед на информирање и заштита од Сексуално преносливи инфекции-СТИ, Туберколоза и ХИВ/ АИДС. кои работат и се активни во општината Шуто Оризари, во областа на здравството.
- Секој преставник имаше свое десет минутно преставување за своето делувањеи активност. Договорено е како понатака неформалната мрежа да заживее и биде поактивна во однос на ширење информации и препраќање случаеви во зависност од нивната потреба. На оваа средба, РИЦ – Скопје воспостави контакт со НВО – МИР од Топаана каде што со нивна помош граѓаните од топаана ќе можат да дојдат да се обратат во нашиот центар .

- Во рамките на своето делување, персоналот на РИЦ-Скопје на неколку наврати реагираше до Меѓуопштинскиот Центар за Социјални работи при општина Шуто Оризари, каде што имаше средба со Координаторот на овој центар, во поглед на решавање на неколку спорни предмети, кад имаше потреба од информираност и дообјаснување на процедурата , како и обжалување на решенијата со кои им се прекинува Социјалната парична помош.
  Случај кој не е за занемарување, имено нанесена неправда од страна на вработените во центаот, каде што при обнова на документацијата, странката се упати до центарот за информација.надлежните од центарот му имаат кажано дека за него не е потребна обнова на документација, затоа што веќе ги има потребните документи во своето досие. Тој продолжил да прима неколку месеци социјална парична помош, кога одеднаш му стигна решение за прекин на помошта и враќање на средствата во износ од 27.000,00 МКД. Незнаејки каде да се обрати, лицето дури се согласи да го врати износот, со тоа што после поминување на забраната за право на социјална помош, да поднесе барањеи да почне да го враќа долгот од средствата што ќе ги добива. На овој предлог од странката,не се согласија надлежните од МТСП. Така лицето кој е издржувател на пет члено семејство и тешко болен, принуден е по улици да собира пластични шишиња наменети за рециклажа, за да го прехрани своето семејство.

- Во овој дел, треба да се напоменат и неколкуте средби одржани со граѓаните на општина Шуто Оризари, во однос на Изборите , информираќи и запознавајќи со начинот и правото за правилникот за гласање . Средбата беше организирана на

наша иницијатива, со цел намалување на бројот на неважечки гласачки ливчиња и правото секој да го даде својот глас на кого сака.

**Април – 2009**

- И во овој период,РИЦ – Скопје, во континуитет продолжи со својата активност, давајќи услуги во зависност од потребите на граѓаните соочени со одредени проблеми и потреби.

Во тековниот месец, одржана е средба со координаторот на центарот за социјални работи, со цел укажување на пропустите како и решавање на дел од случаеви за кои има основа за тоа.

- На лицеето му е укината социјална помош од причина што не се пријавил навремено во центаротза социјални работи.Но важната причина е тоа што од Управата за приходи има решение за даночен обврзник, каде што стои дека лицето има остварено приход во износ од 1.480,00 МКД. Тоа значи дека по сила на законот, му се укинува правото на социјална помош, бидејки има остварено друг приход. До овој момент случајот не е во прилог на странката како и предмет на РИЦ центарот, но во овој случај има и друга страна, односно датумот по кој странката остварила приход е за целата 2007 година. Ако се земе во обсир дека овој приход е за целата година, укинувањето на правото на Социјална парична помош неосновано од причина што тие средства се премногу малку за да преживее тичлено семејство. Згора на тоа лицето добива решение за прекин на социјалната помош дури во Април 2009 год. и месечните износи кои ги примал во 2007 год. да ги врати во износ од 56.000, 00МКД.

Поради лошата социо-економска состојба на лицето, РИЦ-Скопје му помага во делот на обжалување на оваа решение со услов да се договорат со центарот за социјални работи за начинот , односно продолжувањето на правото на социјална парична помош.

- Странка која повеќе години прима социјална помош, мажот ја напуштил со шест деца.Промената странката навремено ја има пријавено но поради пропуст во работата на вработените ( не ја регистрирале пријавата ), и беше укинато правото на социјална помош. Странката се обрати до нашиот центар, каде што РИЦ-Скопје заедно со своите партнерски организации и правниот тим , како и разговорот со координаторот на центарот за социјални работи, да поднесе тужба за алиментација, како еден од начините за стекнување на социјална помош . Тужбата ја имаат подготвено РИЦ центарот и правниот тим на партнерската организација ЕСЕ.

- Слуцајот погоре опишан, истите странки повторно се обратија во нашиот центар, за правна помош и совет. Имено малолетната странка од Битола мажена во Скопје, живее во невенчан брак , нема здравствена книшка и истата е пред породување, а се во тешка материјална состојба. Даден им е совет истите да се венчаат (со согласност на родителите и двајца сведоци), за да се олесни вадењето на документацијата, како и пријавувањето на бебето кога ќе се породи.

- РИЦ-Скопје ја искористи соработката со своите соработници од неформалната мрежа за здравство, стапи во контакт со ПИОМ, каде што се упатени да им се издаде потврда со која ќе може да ги користи здравствените услуги ( болничко лекување).

- Соработка помеѓу РИЦ центрите, имено РИЦ-Скопје беше замолен од РИЦ-Гостивар, да им се излезе во пресрет на за стрнка која е родена во Скопје, а која моментално живее во Р. Србија, со цел регулирање на лична документација, односно вадење на ИМКР и интернационален ИМКР. На барање на оваа странка, РИЦ-Скопје во соработка со своите партнери, ги извади потребните документи и ги достави по пошта до странката.

- Локалната соработка со институциите и невладиниот сектор, како и соработката со интернационалните организации, продолжува и понатака .

-Соработка со Косовската Агенција-КПА ( Kosovo Property Agency), која работи на враќање на сопственоста на имотите на бегалците од Косово.

- Соработка на РИЦ-Скопје со канцеларијата на ИЦГО во Шуто Оризари, за решавање на проблеми од вадење на документи и стекнување право на државјанство.

- Соработка со ЕСЕ организацијата, со која долго време соработуваме во поглед на бесплатна правна помош, советување,

- Соработка со неформалната мрежа подржана од ХОПС- опција за здрав живот.

**Мај - 2009**

РИЦ –Скопје, со помош на своите соработници , активно учествуваше во решавањето на проблемите и потребите на ромската заедница, со тоа што упатуваше, советуваше, лобираше и им закажуваше средби со одредени органи и служби за нивен полесен пристап .
Контактите со преставникот од агенцијата за вработување, се одвиваа во контиунитет. Благовремено бевме известени за новините што ги нуди агенцијата,во однос на програмите на изнаоѓање роми- работодавци, во кои би вработиле млади роми со основно и средно образование.
По тој повод, персоналот на РИЦ-Скопје, излезе на терен, ги посети и информира работодавците кои имаат пријавени фирми, за условите што ги нуди агенцијата за вработување.

- Соработката со директорката на О.У. ,, Браќа Рамиз и Хамид ,, продолжи и во овој период.

дадена ни е бројка за ново запишани прво одеденци , како и број на завршени осмо одделенци.
Новите законски прописи во делот на образовниот систем, информираноста од РИЦ центарот како и непосредните контакти со родителите, ги даде очекуваните резултати. Имено во оваа училиште осмо одделение завршија 166 ученика и сите тие ќе се запишат во средните училишта ширум градот. Додека 150 ученици-првачиња го завршиле првото одделение.Сеуште трае запишувањето на нови првачиња, се прави

Ul. Vinicka Br. 10 Suto Orizari Tel: +389 2 2656291, 2656712 E-mail: cdrim@mail.net.mk
1000 Skopje, Macedonia Fax +389 2 2656680

реонализација, за да подеднакво бидат запишани во двете основни училишта во Шуто Оризари.
Додека во О.У: ,,26 Јули ,, осмо одделение завршиле 65 ученици роми, прво одделение завршиле 57 ученика.

- Во текот на овој месец , добивме информација дека центарот за социјални работи во Шуто Оризари е преместен повторно во Чаир, поради немање на хигиено-технички услови за работа и немање на вода.

**Јуни - 2009**

Со своите активности, РИЦ-Скопје допринесе да се зајакне довербата кон институциите на локално и национално ниво, како и да се подигне свеста кај корисниците за нивните права и обврски.

Превземени активности во овој период :
- Средба со локалните власти
- Информативни –консултативни средби
- Логистичка подршка
- Соработка со РИЦ-мрежата

- Одржана е работна средба на која присатни беа советникот на градоначалникот на општина Шуто Оризари, г-дин Исак Туша, преставникот од Агенцијата за вработување, ( и преставник на работната група), пеставникот на работната група делегиран од општината Шуто Оризари, и проект тимот на РИЦ-Скопје.Целта на средбата беше да се презентира заложбата на владата , да се најдат работодавци кој ќе вработат млади Роми со завршено основно образование, и на тој начин им се помогне во нивното вработување и интегрирање во заедницата.
Јавниот повик на МТСП заедно со агенцијата за вработување на млади Роми со и без средно образование, беше со цел , да се мотивираат работодавци –Роми кој се поуспешни во својот бизнис да вработат роми, со одредени бенефиции кој ги нуди агенцијата за вработување.
Оваа акција, не ги исполни очекуваните резултати, во смисол на позитивен одговор од страна на работодавците, од причина што куповната моќ на граѓаните е доста опадната.
На срдбата , советникот беше запознат со активностите на РИЦ-Скопје, со работните групи како и барањето за соработка со локалната власт.

-Соработката на РИЦ-Скопје, со месната канцеларија – матична служба во Шуто Оризари, ги дава очекуваните резултати во смисол на олеснет пристап за вадење на одредени документи, изводи на родени, непријавени деца и возрасни,  како и нивно информирање за понатамошна постапка .

- Соработката со РИЦ – мржата и нивното функционирање ( РИЦ-Скопје и РИЦ-Гостивар ), позитивно се одрази во полза на вадење документација на лица-Роми, социјално загрозени од други градови. Со тоа ,РИЦ- канцелариите го оправдуваат своето постоење и функционалност, да се помогне на ромската заедница.

- Персоналот на РИЦ-Скопје, активно учествува на средби и настани организирани од граѓански организации и институции, во градот и пошироко.
На ден 08-06-2009 год. свикана е средба во кабинетот на министерот без ресор.се со цел, соработка со министерството и имплементација на проекти со граѓански организации.

- РИЦ-Скопје беше активен учесник на одржаниот семинар, ,, Работилница за Евалуација на работата на Ромските Информативни Центри во периодот 2007-2009 г. и подготовка на Програма за работа за периодот 2010-2012 год., организирана од страна на МТСП, во Охрид од 30-06 до 03-07-2009 год.

**Јули -2009**

Заинтересираноста за запишувањето во средните училишта, беше доста големо. консултациите и информираноста даде позитивни резултати, усмерувајки ги во тие училишта каде штопостигнатиот успех и и капацитеот на ученикот, го диктираат изборот на запишување во средните училишта.

- информираноста околу стипендиите и нивното добивање, беше тема на заинтересираност.

- Соработката на РИЦ-Скопје со месната канцеларија-матична служба лоцирана во Шуто Оризари, ги даде очекуваните резултати, во смисол на плеснет пристап за вадење на потребната документација на граѓаните Роми.

- Објавениот конкурс од страна на Министерството за транспорт и врски за доделување на социјални станови за семејства социјално загрозени, ја зголеми посетеноста на центарот.

**Август - 2009**

Интересот за запишување во средните училишта, и овој период не стивна.
Честите средби, разговори и консултации, дадоа позитивни резултати, олеснувајки им го изборот и желбата за понатамошното нивно школување.

- Во врска објавениот конкурс од страна на Министерството за транспорт и врски за доделување на социјални станови за семејства социјално загрозени, заинтересираните корисници-апликанти беа информирани и упатувани до одредени служби за вадење на потребната документација.

- Соработката на РИЦ-мрежата продолжи и во овој период, имено од РИЦ-Прилеп беше побарано да стапи во контакт со лице од Прилеп,во врска дадена изјава пред надлежен орган за постоење на биолошки родител на малолетно дете.
  Персоналот на РИЦ-Прилеп успешно тоа го направи ,а со тоа се олесни контактот на клиентите од Скопје. Со тоа, РИЦ-мрежата го оправдуваат своето постоење и функционалност во помагањето на ромската заедница.

- На ден 21-08-2009 год. персоналот на РИЦ-Скопје, присуствуваше на состанокот во просториите на Меѓуопштинскиот Центар за Социјални Работи за град

Скопје.Бевме запознати со условите и критериумите за доделување на социјални станови за корисници на социјално загрозени семејства, како и давање на потврди на лица-апликанти, дека се од Ромска националност.
Повратаната информацијаод страна на корисниците, не се почитува, и покрај тоа сто се благовремено известени за тоа.

**Септември – 2009**

- Честите средби, разговори и консултации, дадоа позитивни резултати,во смисол на запишување на ромските ученици во средните училишта, олеснувајки им го изборот и желбата за понатамошното нивно школување.

- Законските прописи на сите им биле јасни, и децидно одговараа за последиците во случај да не го продолжат своето школување.

- Во врска објавениот конкурс од страна на Министерството за транспорт и врски за доделување на социјални станови за семејства социјално загрозени, заинтересираните корисници-апликанти, доаѓаа во центарот да се информираат за резултатите од доделувањето на социјалните станови.
- Нови случаеви, социјално загрозени , се интересираа за постапката за стекнување на социјална помош, како и потребната документација.

- Corabotkata na RIC-mreжata и nivnoto funkcioniraње (РИЦ-Скорје и РИЦ-Гostivar), pozitivno se odrazi vo polza na vadeње dokumentacija na lica- romi, socijalno zagrozeni od drugi gradovi. So toa, РИЦ - kancelariite go opravduvaat svoeto postoeње и funkcionalnost da se pomogne na romskata zaednica.

**Октомври - 2009**

- Активности во смисол на помагање на потрбната документација за нови социјални случаеви.

- информирање на апликантите за датумот на доделување на социјалните станови.

- Средба со директорката на училиштето Брака Рамиз и Хамид, во врска со хигиено-техничките услови , заразната жолтица, отсаството на учениците од наставната програма, капацитетот на школото (над 2200 ученика).

- Присуство на семинар, одржан на ден 27 / 28 – 10- 2009 год. во хотел Маврово, Организиран од страна на ОБСЕ во соработка со МТСП.

Семинарот беше организиран за мултидисциплинарен протокол за поставување (идентификување и упатување) со деца на улица и улични деца во Р. Македонија.

-Соработка со Косовската Агенција-КПА ( Kosovo Property Agency), која работи на враќање на сопственоста на имотите на бегалците од Косово.

- Соработка на РИЦ-Скопје со канцеларијата на ИЦГО во Шуто Оризари, за решавање на проблеми од вадење на документи и стекнување право на државјанство.

- Соработка со ЕСЕ организацијата, со која долго време соработуваме во поглед на бесплатна правна помош, советување,

- Соработка со неформалната мрежа подржана од ХОПС- опција за здрав живот.

**Ноември – 2009**

Активностите на РИЦ- Скопје, во месец Ноември , се одвиваат во насока на подобрување и подигање на свеста кај граѓаните , нивните права и обврски.
Во контекст на тоа, соработката со локалната самоуправа заживеа, со размена на информации, соработка и заеднички настапи за одредени активности.

- Соработката со центарот за социјални работи во овој период од месецот, продолжи, се со цел да им се излезе во пресрет на граѓаните и им се олесни начинот на прибирање на потребните документи, особено на новопријавените случаеви.
- Соработката со матичната канцеларија продолжи,околу евидентирањето на младите, за вадење на лични карти по прв пат.

- РИЦ-Скопје, и во овој период од месецот, лобираше и ги информираше граѓените од ромската заедница. Ги упатуваше до одредени институции,како и организации за одредени потреби,(давање на правна помош, бракоразводни слуцаеви, соработка со други невладини организации, помагање во пишување на молби, жалби,изјави,фотокопирање.)

- РИЦ-Скопје, и во овој период од месецот, лобираше и ги информираше граѓените од ромската заедница. Ги упатуваше до одредени институции,како и организации за одредени потреби,(давање на правна помош, бракоразводни слуцаеви, соработка со други невладини организации, помагање во пишување на молби, жалби,изјави,фотокопирање.)

- Соработката со РИЦ-мрежата и понатака продолжува. Потребата да им се помогне на лица од ромската заедница ,ја истакна улогата на РИЦ-мрежата и нејзината соработка, за несебично и навремено помагање –услужување , за одереден вид на потреби.

- РИЦ-Скопје, бесе активен учесника на семинарот што се одржа на ден 24-11-2009 год. од страна на ОБСЕ, со тема ,, Решавање на проблеми преку соработка помеѓу полицијата и Ромската заедница и други релевантни фактори во државата,,.
Средбата имаше за цел, да се идентификуваат проблемите кај заедницата, да се подигне свеста.За таа цел се предложија работни групи, во кој ке членуваат граѓани од заедницата, полицијата, народниот правобранител,и од локалната самоуправа.
На сребата беа опфатени и теми од сверата на комуналните проблеми ,како и проблеми од секојдневното живеење.
Превентивно делување кај родителите на ученици, кој што отсаствуваа од редовната настава поради појавата на новиот грип, како и заразната жолтица.

**Декември – 2009**

РИЦ – Скопје, продолжи со своите акривности и програмски определби и во овој месец –Декември.

- Соработката со целната група беше на завидно ниво, како и со другите институции и локалната самоуправа.
Помагањето – информирањето, во надминување на секојдневните проблеми од сверата на тековното живеење на ромската заедница, го доведе РИЦ-Скопје уште попрепознатлив во своето делување и активност.
Со тоа РИЦ-Скопје ја зајакна довербата во заедницата кон институциите, во разрешување на нивните проблеми од различна природа .

- Подготовката околу обновувањето и потполнување на документацијата за примање на социјален надомест продолжи и во овој период , како и давањето на информации и консултациите за различните нивни потреби и проблеми кои ги имаат.

- Исто така и стипендиите за средношколците, беа тема на информираност за нивно добивање. Сето тоа доведува до дестимулирање на учениците од ромската заедница, и се доведува прашањето за нивно продолжување во наредниот период, поради немање на финансиска подршка за понатамошното нивно школување.

- Редовната комуникација со матичната служба лоцирана во Општина Шуто Оризари, им го олесна пристапот на одредени граѓани од ромската заедница кои немаат соодветна документација за нивно вондредно запишување.

- РИЦ-Скопје, и во овој период од месецот, лобираше и ги информираше граѓените од ромската заедница. Ги упатуваше до одредени институции,како и организации за одредени потреби,(давање на правна помош, бракоразводни случаеви, соработка со други невладини организации, помагање во пишување на молби, жалби,изјави,фотокопирање.)

- Соработката со РИЦ-мрежата и понатака продолжува. Потребата да им се помогне на лица од ромската заедница ,ја истакна улогата на РИЦ-мрежата и нејзината соработка, за несебично и навремено помагање –услужување , за одереден вид на потреби.

- По иницијатива на претставникот од МТСП, на ден 11-12-2009 год. во просториите на РИЦ центарот, беше одржана средба со г-дин. Лонел Чера, меѓународен консултант за развој на менаџментот. Инаку делегиран од Европската комисија за изготвување на извештај за помагање на маргинализираните заедници.
На таа средба, беше информиран за работењето на организацијата, РИЦ-центарот, историјата и културата и традиција на ромската заедница во Република Македонија, како и тековното живеење на граѓаните од ромската заедница.
По негово барање, г-динот Чера, беше прошетан низ населбата Шуто Оризари, каде го посети основното училиште, амбулантата, градинката, општината, пазарот, се со цел

Ul. Vinicka Br. 10 Suto Orizari Tel: +389 2 2656291, 2656712 E-mail: cdrim@mail.net.mk
1000 Skopje, Macedonia Fax +389 2 2656680

да се запознае со фактичката состојба што му беше презентирана од страна на РИЦ-центарот.
Впечатокот што го доби од одржаната средба, е резултат на неговото повторно јавување и заблагодарување за ангажманот на персоналот на РИЦ-центарот од Скопје.

- Соработката на РИЦ-Скопје со другите граѓански организации продолжи. На ден 23 / 24 – 12-2009 год, беше одржана работилница во хотел Карпош, организирана од Х.О.П.С, со цел изработка на стратешки план за унапредување на здравствената и социјалната состојба на маргинализираните заедници во општина Шуто Оризари.
На работилницата, присуствуваа претседателот на советот на општината,неговиот заменик, како и Невладините организации кои делуваат и работат во оквирот на оваа општина. Дефинирани беа стртешките цели и насоки, како и краткорочниот / и средноророчен акционен план на активности, се со цел унапредување на здравствената и социјалната заштита на маргинализираните групи.

- МТСП преку одделението за имплементација на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015, спроведе работилница која се одржа во период 14/15-12-2009 год.во хотел Романтик – Велес, со цел обебедување подршка за подобрување на имплементацијата на Локалниот Акционен план за Домување на Роми во општината Шуто Оризари.
Учество на оваа работилница зедоа и преставници од локалната самоуправа , како и вработените во општината во секторот урбанизам.
На работилницата беа идентификувани проблемите, како и навремени спроведувања на активности на Акциониот план за домување во општината Ш.Оризари.

Ul. Vinicka Br. 10 Suto Orizari Tel: +389 2 2656291, 2656712 E-mail: cdrim@mail.net.mk
1000 Skopje, Macedonia Fax +389 2 2656680

**3.9Услуги пружени на организации/групи за граѓански иницијативи/ индивидуи**

| **Вид на помош** | **Дата/ Услов** | **Локација на која е пружена услугата** (Град/Село) | **Број на барања/ консултации** | **Број на организации/групи /индивидуи** | **Вид на организации/групи** (НВОи, органи за социјани услуги, итн.) | **Тема** (збирна/сумарна листа на теми и проблеми) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подготвени и помогнато во поднесување на барања, изјави и потврди | јануари-декември 2009 | Скопје | **496** | | Институции на локално и национално ниво | Изјави, барања, ургенции, потврди |
| Помош во подготовка на молби | јануари-декември 2009 | Скопје | **349** | | Институции на локално и национално ниво | Молби, пополнување на апликации за стипендии |
| Подготовка на жалби, тужби | јануари-декември 2009 | Скопје | **22** | | Институции на локално и национално ниво | Тужба, жалба |
| Совети за потребите на ромската заедница и релации со институции на локално и национално ниво | јануари-декември 2009 | Скопје | **577** | | Институции на локално и национално ниво | Совети |
| Информации наменети за заедницата на Роми и за страните кои се директно или индиректно засегнати за потребите и проблемите на ромската заедница | јануари-декември 2009 | Скопје | **581** | | Институции на локално и национално ниво | Информации |
| Дадени услуги во (фотокопирање, принтање на разни списи, скенирање на документи, испраќање на факс и сл.) | јануари-декември 2009 | Скопје | **630** | | Институции на локално и национално ниво | Фотокопирање Принтање Факс |
| **Вкупен број** | | | **2655** | | | |

Ul. Vinicka Br. 10 Suto Orizari 1000 Skopje, Macedonia    Tel: +389 2 2656291, 2656712 Fax +389 2 2656680    E-mail: cdrim@mail.net.mk